# ЗЛАТНАТА КНИГА НА КОНСТАНТИНОВИОТ РЕД НА СВЕТИ ЃОРЃИ И ГРБОТ НА ОХРИДСКИОТ АРХИЕПИСКОП ЈОАСАФ II

*Јован Јоновски*

Македонско грбословно друштво,
Претседател и главен хералд
https://orcid.org/0000-0003-2448-3441



УДК 929.6:929.71]:271.222(497.7)
https://doi.org/10.47763/mher2320026j

Рецензирана статија




## АПСТРАКТ

Светиот воен Константинов ред на свети Ѓорѓи е основан во 1545 година како фантастичен ред кој се повикува на непостојна византиска традиција на витешки редови. Принцот Раду Кантакузино, бил Голем мајстор на Константиновиот ред на свети Ѓорги кој ја создал Златната книга на редот во 1717 година. Во неа е прикажан грбот на Јоасаф IV, архиепископ на Јустинијана Прима и на цела Албанија, како и на Македонија, Тесалија и Илирик. Најверојатно станува збор за поглаварот на Охридската архиепископија, Јоасаф II (1719-1745). Неговиот грб е заведен во книгата во 1718 година, една година пред Јоасаф да биде избран на таа позиција. Грбот е нацртан во католички стил, и се состои од 6 полиња, кои може да се толкуваат како доминионски грб, со грбовите на земјата/провинциите под негова јурисдикција. Ќе се обидеме да ги интерпретираме земските грбови врз основа на Стематографија на Жефаровиќ. Неверојатно сличен грб, овој пат припишан на Охридската архиепископија, бил објавен на руски Грбовед во 1903 година. Написот дава објаснување за полињата кои не се вклопуваат со грбовите од Стематографијата.

**Клучни зборови**: Црковна хералдика, Охридска архиепископија, грб на Јоасаф II.

# THE GOLDEN BOOK OF THE CONSTANTINIAN ORDER OF ST. GEORGE AND THE COAT OF ARMS OF THE ARCHBISHOP OF OHRID JOASAPH II

*Jovan Jonovski*

Macedonian Heraldic Society,
President and Chief Herald
https://orcid.org/0000-0003-2448-3441

UDC 929.6:929.71]:271.222(497.7)
https://doi.org/10.47763/mher2320026j

Peer-reviewed article

## ABSTRACT

The Holy Military Constantinian Order of Saint George was established in 1545 as a fantasy order, claiming the non-existent Byzantine tradition of Orders of Chivalry. Prince Radu Cantacuzino, was the Grand Master of the Constantine Order of Saint George who created the Golden Book of the order in 1717. As the Supreme Grand Prior of the Order, the arms of Joasaph IV, Archbishop of the Justiniana Prima and of all Albania, as well as of Macedonia, Thessaly, and Illyricum are depicted. He is most probably the head of the orthodox Archbishopric of Ohrid, Joasaph II (1719-1745). His coat of arms was registered in the book in 1718, a year before Joasaph was elected to the position. The arms are drawn in Catholic style, consisting of 6 fields that might be interpreted as dominion arms, of the lands or provinces under his jurisdiction. We try to interpret the lands based on the Zhefarovic Stemmatographia. A remarkably similar coat of arms, this time attributed to an unnamed Archbishop of Ohrid, was published in Russian Grboved in 1903. The article gives the explanation of the quarters which do not fit in with the arms of the lands mentioned.

**Keywords**: Ecclesiastic heraldry, Archbishopric of Ohrid, Coat of arms of Joasaph II.

## ВОВЕД

Редот, орденот има две перспективи, како институција на видливи обележја што може да се носат (фалеристика)[1] и како организирана група на луѓе, витешки ред, меѓусебно поврзан со завет, кои се стремат кон заедничка цел, и за што се користат исти средства (шивалристика)[2]. Честопати при проучувањето овие две дисциплини тешко се раздвојуваат, бидејќи тие навлегуваат многу длабоко една во друга (Ацовић 2013, 14).

Витешките редови се појавиле кон крајот на 11 век, во контекст на крстоносните војни во Светата Земја. Тие биле групи поединци посветени на дадена цел, како што е заштита на аџиите на Христовиот гроб, помош и лекување на ранетите, заштита на одредени реликвии итн. За постигнување на некои од овие цели била потребна и воена сила (Ацовић 2013, 14).

Во овие редови биле регрутирани луѓе од благородничко потекло, кои се заколнувале дека ќе ги следат и постигнат предвидените цели за што ќе го посветат својот живот на сиромаштија, целибат и апсолутна послушност на водачот на редот, Големиот мајстор. За нивно официјализирање била потребна и согласност од црквата, додека за носење оружје и воени активности била потребна дозвола од суверена власт. Според нивната основна функција, овие воено-монашки редови можат да се поделат во три главни групи:

- Воени редови, како што се темпларите, витезите од Калатрава, Сантијаго итн.
- Воено-болнички редови, како што се Малтешкиот ред, Тевтонскиот ред итн.
- Болнички редови, како што се Свети Лазар и други (Ацовић 2013, 15).

Некои од овие редови продолжиле да постојат дури и откако не биле во можност да ја исполнат својата првична цел, помагање на аџиите кои патуваат во Светата Земја. Нивниот престиж и богатство, особено лојалноста кон структурата на редот, кој својот врв го доживеал во 14 век, ги инспирирале световните владетели да почнат да создаваат такви редови, каде што претходно монашките карактеристики биле само симболични. Од друга страна, овие нови редови биле поттикнати повеќе од елитизмот отколку од исполнувањето заеднички цели и доблести (Јоновски 2015, 296).

Неможноста да се стане дел од еден од овие

## INTRODUCTION

The Order has two perspectives, as an institution of visible insignia that can be worn (phaleristics)[1], and as an organized group of people, an order of knighthood, interconnected by a vow, which strives for common a goal, for which the same means are used and coordinated (chivalry)[2]. Often these two disciplines - phaleristics and chivalric studies, are hard to separate, since they penetrate very deeply into each other (Ацовић 2013, 14).

Orders of knighthood appeared in the late 11th century, in the context of the Crusades in the Holy Land. Those groups of individuals were dedicated to a goal, such as the protection of pilgrims to Christ's tomb, help and treatment of the wounded, protection of certain relics, etc. Military force was also needed to achieve some of these goals (Ацовић 2013, 14).

In these orders, people of noble origin were recruited, who vowed to follow set goals and to achieve them, and to dedicate their lives to poverty, celibacy, and absolute obedience to the leader of the order, the Grandmaster. The consent of the church was also needed for their officialization, while carrying weapons and military activities required a license from a sovereign authority. According to their basic function, these monastic-military orders can be divided into three main groups:

- Orders with a military character, such as the Templars, the Knights of Calatrava, Santiago, etc.
- Military hospitaller orders, such as the Maltese Order, the Teutonic Order, etc.
- Hospitaler orders, such as St. Lazarus and others (Ацовић 2013, 15).

Some of these orders continued to exist even after being unable to fulfill their initial purpose, helping pilgrims traveling to the Holy Land. Their prestige and wealth, especially the loyalty to the structure of the order, which had its peak in the 14th century, inspired secular rulers to start creating such orders, where previously the monastic characteristics were only symbolic. On the other hand, these new orders were sparked more by elitism than by fulfilling common goals and virtues (Јоновски 2015, 296).

The impossibility of becoming part of one of these elite orders led to the establishment of lay

елитни редови, довело до формирање на лаички братства собрани околу некоја религиозна или благородна идеја, или реликвија или локалитет. Поранешниот монашки завет бил целосно заменет со заклетва за лојалност кон суверенот на редот (Ацовић 2013, 15).

Братството Здружение на витешкиот ред на свети Ѓорѓи, создадено од унгарскиот крал Кароли Роберт од Анжу во 1326 година, се смета за прво од тој вид. До 15 век, речиси секоја поголема и помала владејачка куќа во Европа имала свои редови. Сите овие редови имаат ознаки, што ја покажува нивната припадност кон редот. Но, што е уште поважно, тие имаат и свој устав кој ги дефинира, покрај целите на редот, и условите за членство (Јоновски 2015, 297).

Како што се зголемувал бројот на редовите и тие се оддалечувале од поголема цел кон која се посветувал целиот живот, полека се намалувало и ограничувањето за припадност на само еден ред. Во периодот по 16 век, постоеле огромен број различни братства, со што се поставува прашањето за законитоста на воспоставувањето или континуитетот на поредокот (Јоновски 2015, 298).

Според видот и карактеристиките, и особеностите на формирање, редовите можат да се поделат во 5 групи (Ацовић 2013, 20).

• Династички редови – воспоставени од владејачки или невладејачки монарх со историски легитимитет.

• Братски редови - основани од повисоки или пониски благородници и највисоката црковна хиерархија.

• Братства – формирани како друштва за специфични цели.

• Клиентски псевдоредови– кои немаат статути или ограничувања за членство, а кои со надворешни ознаки и церемонии ги имитираат историските редови, имајќи предвид финансиска добивка.

• Почесни редови – воспоставени од легитимни тела, кои имаат орденски ознаки, но немаат корпоративен карактер или функција. Тука припаѓаат одликувања на модерните држави каде што одликуваните немаат меѓусебни односи.

Регистарот на признати редови на Меѓународната комисија за ордени на витештвото (ICOC) (осн. 1960) ги препознава следниве видови: Независни, Полунезависни и Династички ордени.[3]

Со формирањето на Кралскиот и воениот ред

brotherhoods gathered around some religious or noble idea, relic, or locality. The former monastic vow has been completely replaced by an oath of loyalty to the sovereign of the order (Ацовић 2013, 15).

The Fraternal Society of Knighthood of St. George, created by the Hungarian King Karoly Robert of Anjou in 1326, is considered the first of the kind. Until the 15th century, almost every larger and smaller ruling house in Europe has its own orders. All these orders have a mark, insignia, which shows their affiliation to the order. But what is more important, it also has its own constitution which defines the conditions for membership as well as the goals of the order (Јоновски 2015, 297).

As the number of orders increased and they moved away from a larger goal towards which all life is dedicated, the limitations of belonging to only one order slowly decreased. In the period after the 16th century, there were a vast number of different brotherhoods, raising the question of the legality of the establishing or the continuity of an order (Јоновски 2015, 298).

According to the type and characteristics, and the peculiarities of formation, the orders can be divided into 5 groups (Ацовић 2013, 20).

• Dynastic orders – established by a reigning or non-reigning monarch with historical legitimacy.

• Confraternal orders - founded by higher or lower nobles and the highest ecclesiastical hierarchy.

• Fraternities – formed as societies for specific purposes.

• Client pseudo-orders – which do not have Constitution or membership restrictions and which with external markings and ceremonies, imitate the historical orders, with financial gain in mind.

• Honorary orders – established by legitimate bodies, which have order insignia, but do not have a corporate character or function. These include the modern state decorations where the decorated do not have mutual relations.

The register of recognized orders of the International Commission for Orders of Chivalry (ICOC) (Est. 1960) recognizes the following types: Independent, Semi-independent and Dynastic orders.[3]

на Сент Луис, во Франција во 1693 година, се менува целиот пристап кон функцијата на редовите. Ако дотогаш високите офицери секогаш биле од благороднички семејства, сега припадноста на редот е според сопствените воени заслуги и доблести на членот. Нејзиниот пример набрзо го следеле и другите европски феудални монархии и кнежевства: Саксонија во 1736 година го вовела Воениот ред на свети Хајнрих; Прусија во 1740 година - Орден за заслуги; Австрија во 1757 година - Орден на Марија Тереза; Русија во 1769 година - Орден на свети Ѓорѓи (Гајдов 2005).

Конечно, францускиот орден на Легија на честа, по идејата на Наполеон, на почетокот на 19 век, го дал главниот правец на ордените и медалите кои се даваат како јавно признание за достигнувања. Наполеоновиот систем сè уште е вообичаен систем на одликувања до ден-денес (Ацовић 2013, 21).

Династичките и братските редови се создаваат од некој извор (фонтана) на почеста, fons honorum. Разликата е чисто легална, ако се работи за монарх, станува збор за династички редови, а ако се работи за друга куќа на принц, кој нема статус на монарх или ако папата е фонс хонорум, се работи за братски поредок.

За време на средновековниот и модерниот период, Европа била поделена на многу кралства, кнежевства, во кои владееле многу владејачки куќи. Често кралот бил избиран од локалните кнезови, кои задржале голем дел од својот суверенитет над хералдиката и витешките редови.

За животот и постоењето на редот, фонс хонорумот, кој го создал редот, има апсолутна власт и може да го прекине редот. Прекинувањето на редот може да биде со укинување, кога има активна одлука или со изумирање, кога не е донесена активна одлука за укинување на редот, но не се примаат нови членови, и со изумирање на сегашните членови, редот згаснува. Членството во редот не е наследно.

Братствата се формираат како фондации/здруженија за исполнување конкретни цели, кои имаат свој статут и конкретни активности за постигнување на тие цели. Тие може да функционираат слично како редовите, но не се создадени или поддржани од никаков фонс хонорум. Такви се Ротари и Лајонес. Овие организации не тврдат дека се редови.

Но, некои братства, поради романтичната

With the establishment of the Royal and Military Order of Saint Louis in France in 1693, the entire approach to the function of the Order changed. Before this, the high officers were always from noble families; now, membership in the order was contingent on the member's own military merits and virtues. Its example was soon followed by other European feudal monarchies and principalities: Saxony in 1736 introduced the Military Order of St. Heinrich; Prussia in 1740 - Order of Merit; Austria in 1757 - Order of Maria Theresa; Russia in 1769 - Order of St. George (Гајдов 2005).

Finally, the French order of the Legion of Honor, after the idea of Napoleon, at the beginning of the 19th century, gave the main direction of the orders and medals given as public recognition of achievements. Napoleon's system of decorations is still a common system of decorations to this day (Ацовић 2013, 21).

Dynastic and confraternal orders were created from some source (fountain) of honor- the fons honorum. The difference is purely legal, if it is a monarch, it is a question of dynastic orders, and if it is another house of a prince, who does not have the status of a monarch, or, if the Pope is the fons honorum, it is a question of a confraternal order.

During medieval and modern period, Europe was divided into many kingdoms, principalities, in which many ruling houses ruled. Often the king was elected by the local princes, who retained much of their sovereignty over heraldry and knightly orders.

For the life and existence of the order, the fons honorum, who created the order, has absolute authority and can terminate the order. Termination of the order can be by abolition, when the order is ended by an active decision, or by extinction, when no active decision to cease the order has been made, but no new members are admitted, and with the extinction of the current members, the order dies out. Membership in the order is not hereditary.

Fraternities are formed as foundations/associations for the fulfillment of specific goals, which have their own constitution and specific activities for the achievement of those goals. They may function similarly to orders but are not created or supported by any fons honorum. These organizations (such as the well-known Rotary

перцепција на витешките редови и нивните ознаки и церемонии, се обидуваат да ги имитираат династичките и братски редови, тврдејќи дека продолжуваат континуитет на традиции на укинати или изумрени редови. Така се појавуваат разни темплари, кои се обидуваат со разни конструкции да тврдат историска поврзаност со некој од укинатите или изумрените редови. Иако тие братства може да имаат совршено легална форма на братство со благородна цел, самото нелегитимно тврдење, наменето да ги заведе другите да веруваат дека припаѓаат на легитимен историски ред фрла сенка врз намерите на самото братство. Вистинските редови никогаш не примаат во членство луѓе кои само ќе изразат интерес и ќе платат некаков вид членарина.

Клиентски псевдоредови – се групи на луѓе кои обично немаат статут или ограничување за членство и кои ги имитираат историските редови со надворешни знаци и церемонии. Обично, тие се создадени за финансиска добивка на водачите искористувајќи ја желбата на луѓето за слава и престиж. Тие обично имаат како фонс хонорум самопрогласени или непризнаени или дискутабилни благородници, или пониски свештеници, кои немаат вистинска моќ да иницираат или обноват ред.

Поради различни историски моменти, геополитички поместувања, се случува самопрогласен ред да биде индиректно признат од некој фонс хонорум, или изумрен ред да биде прифатен или обновен од трет со јурисдикција на друга земја. Исто така, често се појавуваат разни претенденти на позицијата на Голем мајстор, водачот на орденот, кои самостојно во исто време „наградуваат“ своја верзија на орденот. Суверенот можеше да назначи Голем мајстор, а потоа да го замени со друг и да ги укине претходно доделените грбови и титули.

Вакво нешто се случи и со Светиот воен Константинов ред на свети Ѓорѓи.

## СВЕТИОТ ВОЕН КОНСТАНТИНОВ РЕД НА СВЕТИ ЃОРЃИ

Светиот воен Константинов ред на свети Ѓорѓи бил основан од италијанските благородници со албанско потекло, браќата Андреа Анџело и Паоло Анџело Флавио Комнено во 1545 година (Sainty 2018, 41) како строго католички ред. Според нивното тврдење, редот го основал самиот Константин Велики, а го обновил

and Lions Clubs) do not claim to be orders.

Some fraternities, due to the romantic perception of chivalric orders and their insignia and ceremonies, try to imitate dynastic and confraternal orders, claiming the continuity of traditions of abolished or extinct orders. This is how various Templars appear, which try with various constructions to claim a historical connection with one of the abolished or extinct orders. While those fraternities may have a perfectly legal form of fraternity with a noble purpose, the very illegitimate claim, intended to mislead others into believing they belong to a legitimate historical order, casts a heavy shadow on the intentions of the fraternity itself. Real orders never admit to membership people who will merely express an interest and pay a membership fee of some kind.

Client pseudo-orders are groups of people, who usually do not have a constitution or membership limit, and who imitate the historical orders with external signs and ceremonies. Usually, they are created for financial gain by taking advantage of people's desire for fame and prestige. They usually have, as their fons honorum, self-proclaimed or unrecognized or debatable nobles, or lower priests, who have no real power to initiate or renew an order.

Due to various historical moments, geopolitical shifts, it happens that a self-proclaimed order is later indirectly recognized by a fons honorum, or an extinct order is accepted or renewed by a third fons honorum, with the jurisdiction of another country. Also, various pretenders to the position of the grand master, the leader of the order, often appear, who independently at the same time "award" their own version of the order. The sovereign could appoint a Grand Master only to replace him with another one and cancel the previously granted arms and titles.

Something like this happened with the Holy Military Constantinian Order of Saint George.

## THE HOLY MILITARY CONSTANTINIAN ORDER OF SAINT GEORGE

The Holy Military Constantine Order of Saint George was founded by Italian noblemen of Albanian descent, the brothers Andrea Angelo and Paolo Angelo Flavio Comneno in 1545 (Sainty 2018, 41) as a strictly Catholic order. According to their claim, the order was founded

нивниот предок, византискиот император Исак II Ангел на крајот на 12 в. Се разбира, ова е чиста фантазија бидејќи витешките редови во западна смисла биле целосно непознати за византискиот свет. Тие тврделе дека се наследно поврзани со византиските кралски династии Ангело и Комнени, а ги користеле и титулите: принц на Македонија, војвода од Тесалија и гроф Дривасто, Дурацо итн. Папата Павле III ги признал како потомци на императорите Ангелои (Sainty 2018, 41). Позицијата Голем мајстор на редот ја наследувале потомците од нивната семејна линија до 1697 година кога титулата и правата биле продадени на војводата од Парма, Франческо Фарнезе (Sainty 2018, 127-131).

Во Светото Римско Царство се појавиле многу претенденти кои тврделе дека се вистинските наследници на старите династии, како Џовани Антонио Анџело Флавио Комнено Ласкарис Палеолого. Роден како обичен селанец во Италија, Џан Антонио Лазиер всушност бил претендент за позицијата Голем мајстор на редот тврдејќи дека токму тој бил последниот легитимен наследник на Ангели, Комнени и Палеолог. Покрај грбови давал и благороднички титули со право на сопственост во поранешна Византија. Неговите активности биле поддржани од светиот римски император Чарлс VI до 1725 година кога вистинскиот Голем мајстор Франческо Фарнезе докажал дека Лазиер бил измамник (Sainty 2018, 148).

Неговата улога ја презел принцот Јоан Родулфус Кантакузенус Ангелус Флавиус Комненос, или едноставно Раду Кантакузин. Влашкиот принц Раду Кантакузин е роден на 17 март 1699 година во Букурешт, како најстар син на Штефан Кантакузин, владејачки принц од Влашка (1714 - 1716), а со тоа и потенцијален иден владетел на Влашка. Кога неговиот татко, Штефан Кантакузин, бил погубен поради бунт, Раду побегнал од Букурешт. За да го врати своето семејство на власт во Влашка, Раду патувал низ Европа и се вклучил во различни шеми за



Ѓерданот на редот, од Златната книга./The collar of the order from the Golden Book

by Constantine the Great himself, and it was restored by their ancestor, the Byzantine Emperor Isaac II Angelos at the end of 12c. Of course, this is pure fantasy because knightly orders in the Western sense were completely unknown to the Byzantine world. They claimed to be related to the Byzantine royal dynasties of Angelo and Comneni, and also used the titles "Prince of Macedonia", "Duke of Thessaly" and "Count of Drivasto, Durazzo etc". Pope Paul III recognized them as descendants of the Angeloi emperors (Sainty 2018, 41). The position of Grand Master of the order was inherited by descendants in their family line until 1697 when the title and rights were sold to the Duke of Parma, Francesco Farnese (Sainty 2018, 127-131).

Many pretenders appeared in the Holy Roman Empire who claimed they were the true heirs of the dynastic family of old such as Giovanni Antonio Angelo Flavio Comneno Lascaris Paleologo. Born as a simple peasant in Italy, Gian Antonio Lazier was actually a pretender to the position of Grand Master of the order claiming that he was the last legitimate heir of Angelos and Comnenos and Palaeologus. In addition to the order, he also gave noble titles with the right to property in former Byzantium. His activities were supported by the Holy Roman Emperor Charles VI until 1725 when the real Grand Master Francesco Farnese proved that Lazier was a fraud (Sainty 2018, 148).

His role was taken by Prince Joannes Rodulphus Cantacuzenus Angelus Flavius Comnenos or simply Radu Cantacuzino. Wallachian Prince Radu Cantacuzino was born on 17 March 1699 in Bucharest, as the eldest son of Ștefan Cantacuzino, ruling Prince of Wallachia (1714–1716), and thus a potential future ruler of Wallachia. When his father, Ștefan Cantacuzino, was executed for rebellion, Radu fled Bucharest. To restore his family to power in Wallachia, Radu traveled across Europe and engaged in various schemes to increase his status, wealth

да го зголеми својот статус, богатство и моќ. На неговите патувања, тој се сретнал со некои од најмоќните и највлијателните луѓе на своето време, како што се Петар Велики од Русија и Фридрих Велики од Прусија. Од 1717 до 1745 година, Раду живеел во Виена, главниот град на Хабсбуршката Монархија. Со цел да го зголеми својот статус и да заработи пари, Раду почнал да го разубавува своето семејно потекло, тврдејќи дека потекнува од Кантакузин, моќно византиско благородничко семејство, и директен потомок и наследник на византискиот император Јован VI Кантакузин (1347–1354) (Comănescu 2018, 509-513).

Принцот Михаи. Д. Стурџа во своето обемно дело ги разработува тврдењата дека Кантакузините од Влашка всушност биле вистински потомци од византиската династија. (Sturdza 2014)

Раду се претставувал како Голем мајстор на Константиновиот ред на свети Ѓорѓи со (наводен) декрет од Чарлс VI издаден на 1 февруари 1735 година. Тој доделувал благородништво и грбови на веќе значајни европски благородници, како Томас Нугент, шестиот гроф од Вестмит и Ласло, баронот Кемени од Манастирени. Неговата практика беше прифатена од аристократијата.

Заедно со титулата Голем мајстор продолжил да ја користи и титулата принц на Македонија, Тесалија итн., и со право да се декларира како заштитник на манастири во тие територии, како оној од околината на Еласона (Лариса) (Pippidi 1994, 112).

Постојат две повелби дадени од него на манастирот Олимпотица во Тесалија, на 1 август 1730 и на 8 февруари 1735 година, со која му дава грб на старешината на манастирот, а овој грб вклучува црвено „галеро“ во католички стил (Scrieri 2013, 18-19, сл. 2-3).

По смртта на Карл VI (1740), поради интригите на Раду, доделување витешки титули, освен за благородници, и на обични луѓе и богатите трговци во замена за пари, владетелите на Хабсбуршката Монархија, Марија Тереза и Францис I (1737 - 1765), му ги укинале правата на Раду на Голем мајстор и ги поништиле сите титули и привилегии дадени од него. Од 1744 година, аристократите од Виена почнале да се сомневаат во принцот, кој веќе бил во големи долгови. Со уништена репутација и за да ги избегне локалните наплатувачи на долгови, Раду

and power. On his travels, he met some of the most powerful and influential men of his time, such as Peter the Great of Russia and Frederick the Great of Prussia. From 1717 to 1745, Radu lived in Vienna, the capital of the Habsburg Monarchy. In order to increase his status and earn money, Radu began to embellish his family origins, claiming descent from the Cantacuzino, a powerful Byzantine noble family, and as a direct descendant and successor of the Byzantine Emperor John VI Cantacuzino (r. 1347–1354) (Comănescu 2018, 509-513).

Prince Mihai. D. Sturdza in his voluminous work elaborates the claims that the Cantacuzinos of Wallachia were actually true descendants from the Byzantine dynasty. (Sturdza 2014)

Radu presented himself as the Grand Master of the Constantinian Order of St. George by an (alleged) decree of Charles VI issued on February 1, 1735. At this point, he had already been acting as the Grand Master for at least 18 years, bestowing both orders and titles. He granted nobility and arms to already-important European nobles, such as Thomas Nugent, the 6th Earl of Westmeath and László, Baron Kemény of Mănăstireni. His practice was accepted by the aristocracy.

Together with the title of Grand Master he also continued to use the title s of Prince of Macedonia, Thessaly, giving him the right to declare himself, as protector of a monastery in the vicinity of Elassona (Larisa)(Pippidi 1994, 112).

There are two charts offered by him to the Monastery Olympiotissa in Thessaly, the 1 August 1730 and the 8 February 1735, granting of arms to the superior of the monastery, and this grant of arms includes a Catholic-style red ‘galero’ (Scrieri 2013, 18-19, fig. 2-3).

After the death of Charles VI (1740), due to Radu’s intrigues, awarding of knighthoods, apart from nobleman, also to commoners and rich merchants in exchange for money, the rulers of the Habsburg Monarchy, Maria Theresa, and Francis I (1737 –1765), revoked Radu’s rights to Grand Master and annulled all titles and privileges granted by him. From 1744, the aristocrats of Vienna began to suspect the prince who was already heavily in debt. With a ruined reputation and to avoid local debt collectors, Radu fled Vienna in 1745. Traveling through Europe, he offered his services to various nobles and still

побегнал од Виена во 1745 година. Тој починал на 21 мај 1761 година во Ластовице, Полска, и е погребан во црквата Свети Јован од Камиенец Подолск, Полска (сега Украина) (Sainty 2018, 513).

## ЗЛАТНА КНИГА НА СВЕТИОТ ВОЕН КОНСТАНТИНОВ РЕД НА СВЕТИ ЃОРЃИ

Во Националниот архив во Јаши, Романија, во колекцијата на ракописи, со сигнатура Ms 2617, се чува грбовник со наслов „Liber Aureus“.[3] Книгата датира од 1717 до 1728 година. Ракописот е купен во декември 1977 година од Елена Доници од Букурешт, родена како Кантакузин, која е последниот потомок на гранката Балени (Галати) од Кантакузини, позната по нивните библиофилски реткости (Iftimi 2014, 11). Тоа е повеќе книга индекс, список на имиња на членовите на редот и нивните титули споменати погоре. Златната книга е со димензии 25,6 x 39,5 см, има 113 фолија, сите со линеарна рамка, од кои само 36 фолија имаат некаква содржина. Нумерирањето на страниците сугерира дека книгата е преукоричена. На десните страници има оригинално нумерирање, но бројките се пречкртани и додадени се нови броеви со молив. Тоа е направено со користење на recto&verso стил, додавајќи го „v“ на следната лева страна. Страница 37r (оригинално нумерирана 53. Видливо е дека повеќе страници биле исечени од книгата пред оваа страница) содржи текст со различен ракопис, „Унапредување на Станислав Дивани во гроф на Тарнов на 13 мај 1753 година“. Во текстот на маргината се споменува селото Компиолки во Краковската Област. На страницата (оригинално нумерирање) 64 стои текстот на романски јазик „Овој ракопис содржи 37 (триесет и седум) фолија“

sought the position of grand master. Radu died on 21 May 1761 in Lastowice, Poland, and was buried in the Church of St John from Kamieniec Podolsk, Poland (now Ukraine) (Sainty 2018, 513).

## GOLDEN BOOK OF THE HOLY MILITARY CONSTANTINIAN ORDER OF SAINT GEORGE

In the National Archive in Iași, Romania, in the collection of manuscripts, under the signature Ms 2617, an armorial titled “Liber Aureus” is kept.[3] The book dates from 1717 to 1728. The manuscript was bought in December 1977 from Elena Donici of Bucharest, born Cantacuzino, being the last descendant of the Băleni branch (Galati) of Cantacuzini, famous for their bibliophile rarities (Iftimi 2014, 115). It is more of an index book, a list of all the names of the members of the order and their titles mentioned above. The Golden Book has dimensions of 25.6 x 39.5cm, has 113 folios, all with a linear bordure, of which only 36 folios have any content. The page numbering suggests that the book was rebounded. There is original numbering on the right-hand pages, but the numbers have been crossed out and new pencil numbers have been added. It is done using recto&verso style, adding the “v” on the following left-hand side. Page 37r (original numeration 53. It is clear that multiple pages were cut out of the book prior to this page) contains text in different handwriting, “The creation of Stanislaus Divany as count of Tarnow on 13 May 1753”. The text on the margin writes mentions village of Kompiolki in Krakow region. On the page (original numbering) 64, there is a text in Romanian “The present manuscript contains 37


Сл./Fig. 1

ХЕРАЛДИКА • HERALDRY

потпис и датумот 19 септември 1980 година, веројатно годината кога е каталогизиран од архивата.

Воведната илустрација (1r), најверојатно, е грбот на Папството (сл.1). Не е на некој конкретен папа, туку е повеќе како илустрација. Штитот е поделен по лев превез. Десно, сцена на воскресението со Исус кој се крева од иззидан гроб, чуван од двајца римски чувари, и го држи знамето на воскресението: црвен гонфалон со бел крст. Лево, светец кој држи жезол во лева рака и во десната отворена книга, сето природно обоено. Зад штитот архиепископски крст со два вкрстени клуча сите златни. Над штитот, опкружен со две палмини гранки, има круна (сл. 1).

Сите илустрации, нацртани од многу вешт уметник, ја покриваат целата страница.

На насловната страница пишува (сл. 2):

„Liber Aureus Sacra Angelica Aureatæ Constantiniæ Militæ Augusti Ordinis Sancti Megalo Martyris Georgij in quo continenture Nomina Magni Insiognis Ordinis Magistri Magnorum Priorum Summi Magisterij Supremorum Præfectorum Præfectorum in quo continenture ium, Superiorum Magistery Sacellanorum Cæteroruma Insionis Ordinis Torquatorum Equituata Iustiticæ Professorum, et Gratiæ Dispensatorum, nec non Augusti Ordinis Nobilorum Matronarum Ab Anno Salutis MDCCXVII

Augusti S M Ordinis

Magnus Magister

Sermus D. Dus Rodolphus Prps Cantacuzenus

Преводот би бил:

Златната книга на Светата ангелска златна царска Константинова милиција на Редот на светиот великомаченик Ѓорѓи, во која се претставени имињата, големите ознаки на редот, на вишиот магистериум, на другите капелани од редот на герданот, на коњаничките професори по правда, мајсторите, на големите приори, на врховниот магистериум, на врховните префекти и во теолозите од прва и втора класа, на назначени функционерите,


Seren^mus: & Reve^mus in Christo Pater Ioasaph: IV^us S. R. I. Princeps, Archi: Episcopus: Primæ Iustinianæ, et totius Al:baniæ, nec non Macedoniæ, Thessaliæ, et Illyrici Summus Sacerdos &c: Die xiv Mensis Septembris A: 1718: Per totas Partes Orientales, tam in Asia quam Europa Creatus. Sup:remus Magnus Ordinis Prior.

Сл./Fig. 2

(thirty-seven) folia” signature and the date 19 Sept 1980, probably the year it was catalogued by the archive.

The opening illustration (1r) is supposed to be the coat of arms of the Papacy (Fig 1). It is not of any particular Pope but is more as an illustration. The shield is partitioned per bend sinister. In dexter, a scene Proper of the resurrection with Jesus rising from a masoned grave, guarded by two Roman guards, holding the flag of resurrection: a red gonfalon with white cross. In sinister, a man holding a scepter in sinister hand and in dexter an open book, all Proper. Behind the shield an archbishop’s cross with two keys in saltire all Or. Above the shield encircled by two palm branches proper is a crown (Fig. 1).

All illustrations, drawn by a very skillful artist, are covering the entire page (Fig. 2).

The title page writes:

“Liber Aureus Sacra Angelica Aureatæ Constantiniæ Militæ Augusti Ordinis Sancti Megalo Martyris Georgij in quo continenture Nomina Magni Insiognis Ordinis Magistri Magnorum Priorum Summi Magisterij Supremorum Præfectorum, et in Dionitate Primæ et Secundæ Classis constitutorum Officialium, Superiorum Magistery Sacellanorum Cæteroruma Insionis Ordinis Torquatorum Equituata Iustiticæ Professorum, et Gratiæ Dispensatorum, nec non Augusti Ordinis Nobilorum Matronarum Ab Anno Salutis MDCCXVII

Augusti S M Ordinis

Magnus Magister

Sermus D. Dus Rodolphus Prps Cantacuzenus

The translation would be:

The Golden Book of the Sacred Angelic Golden Imperial Constantinian Militia of the Order of the Saint Great Martyr George, in which the Names, the Great Insignias of the Order, of the Superior Magisterium, of the Other Chaplains of the Order of the collar, of the Equestrian Professors of Justice, the Masters, of the Great Priors, of the Supreme Magisterium, of the Supreme Prefects, and in the Divinity of the First and Second

врховните судии, на истакнатите, на другите, и благодатните диспанзери, а исто така и на царскиот ред на благородните болничарки од годината на спасението 1717 година.

Август С. М.

Голем мајстор на редот

Смирениот Рудолф принцот Кантакузен

Освен насловната страница, првиот список е насловен како „Nomina Magnorum Insignis Ordinis Priorum": Имиња на големите ознаки на старешините на редот. Списокот е празен. Потоа следуваат 8 грбови на левата страна со опис на десната. Прво е грбот на Јоасаф IV, кој ќе биде детално објаснет. Потоа следуваат Константин Кантакузен, Јоанес Фридерикус, Фердинанд Балтасар, Томас Милорд Нугент, Илмус Владислав, Илмус Хенрикус Кристијанус, Патер Иноцентиус де Клајн (само текст без прикажан грб) и Јоанес Филип.

Потоа продолжува со списоци, од кои повеќето се празни (сл. 3).

Sepremus Cancellarius - врховен канцелар (стр. 24); Capituli Decanus - декан на одделите (стр. 25); Supremus Cameriarius - врховен чембрлен (стр. 26); Magisterij Prapositus (стр. 27); Supremus Ceremonia (стр. 28); Procurator Generalis (стр. 29) празен список; Magisterij Sacelloru (стр. 30); Mag. Thesaurarus (стр. 30v); Cancellaria Director (стр. 31) празен список; Syndicus Capituli (стр. 31v) празен список; Auditor (стр. 32) празен список; Proto Notarius – главни нотари (стр. 32v) празен список; Charlophilax (стр. 33) празен список; Armorium Heralda - хералд (стр. 33v) празен список; Vestiarius – гардеробер (стр. 34) празен список; Custos - Кустос (стр. 34v) празен список; Depositarius - депозитар (стр.35) празен список; Receptor - приемник (стр. 35v) празен список; Capellani Majores: Ritus Graci et Latini - големи капелани: грчки и латински обреди (стр. 36)

Изгледа дека Златната книга била промотивен материјал или примерок за оние понудени титули и позиции од Раду Кантакузен. Содржи



Сл./Fig. 3

